ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 11-к од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04…. 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Гевгелија број 01-1790/2018, 01-1965/2020 и 01-1833/2022 година и Правилникот за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ Гевгелија, следење, оценување и предлагање ма мерки за подобрување, бр.01-2505/2022 година а во врска со интерен оглас бр. 04-58/3 објавен на ден 10.1.2023 гоина, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидати за Пожарникари спасители**
**во ТППЕ Гевгелија, по Интерен оглас 01/2023**

1.По инетерниот оглас 01/2023 објавен на ден 10.1.2023 година, за унапредување на пожарникари спасители во ТППЕ Гевгелија при Општина Гевгелија се избираат:

- **Ѓорги Бојев,** со вкупно освоени бодови **22** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, ПОЖ 02 10 В03 000 – **Пожарникар спасител – возач** во ТППЕ Гевгелија, и
- **Кире Калинов,** со вкупно освоени бодови **22**, за работно мето под реден број 2 од интерниот оглас, ПОЖ 02 10 В03 000 – **Пожарникар спасител – извршител** во ТППЕ Гевгелија.

2.Именуваните ќе бидат унапредени на работното место од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на двајца пожарникари спасители во ТППЕ Гевгелија, бр.04-58/1 од 10.1.2023 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-58/2 од 10.1.2023 година, доставени од Градоначалникот до Одделението за управување за човечки ресрси при Општина Гевгелија, на ден 10.1.2023 година објавен е Интерен оглас број 01/2023 на веб страната на Општина Гевгелија, за унапредување на пожарникари спасители на работните места Пожарникар спасител – возач и Пожарникар спасител - извршител.

Комисијата за селекција на кандидат по интерен оглас за унапредување на овластено службено лице од областа на безбедноста, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-58/5 од 13.1.2023 година, на ден 16.1.2023 година, во просториите на Општина Гевгелија, спроведе адинистративна селекција со Записник бр.04-58/6 и интервју со Записник бр.04-58/7 од 18.1.2023 година.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, Комисијата за селекција за унапредување на пожарникарите спасители изготви финална ранг-листа и предлог-одлука за избор и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од **8** дена од денот на приемот на одлуката.

Бр.04-58/8
24.1.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Андон Сарамандов*

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до: ОУЧР, Архива и вработен.